26.06.2023 год.
Тања П. Бутанце

# Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

From: Ohrid SOS (ohridsos@gmail.com)

To: zimohrid@yahoo.com

Date: Sunday, June 25, 2023 at 07:28 PM GMT+2

Република Северна Македонија
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Примено/Е pranua 26.06.2023

| Орг. Един. / Njësia.Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 754/1 | | |

Почитувани,

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (и подоцнежните измени и дополнувања) и Законот за заштита на културното наследство, до имателот го доставуваме ова барање за информации од јавен карактер.

**1.** Дали вашата институција има издадено позитивно мислење за поставување на непропорционалните светлечки реклами со интензивни флуоресцентни бои на продажните објекти кај Скаличињата и наспроти охридскиот Чинар?
**2.** Дали субјектите кои стопанисуваат со овие дуќани воопшто се обратиле до вас како надлежна институција?
**3.** Дали се почитува и применува Правилникот и каталогот за стандардизација и визуелна унификација на урбаната опрема во стариот дел на градот а дополнително и Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење?
**4.** Доколку се утврди неправилност, дали ќе се постапи и ќе се побара од субјектите отстранување на овие светлечки реклами?
**5.** Дали неколкуте клима уреди на еден од спомнатите објекти (прилог фотографија) се дозволени на овој потег од охридската чаршија и смеат онака да се поставуваат? Објектот нема ни фасада ниту е во склоп на амбиентот.

Ве молиме, бараните информации да ни бидат доставени во електронски формат на оваа е-адреса во најкусо време.

Ви благодариме.

Овластено лице:

**Со почит,**
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**

БЛАТОТО Е
СРЦЕ
НА ЕЗЕРОТО

**Blog:** **OhridSOS**
**FB:** **OhridSOS**
**Twitter:** **OhridSOS**

355571940_1375415033315576_153553947114800500_n.jpg
26.6kB

Во акта - Арх. знак:
Рок на чување:
____ 20__ г. Потпис:

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК


Denkli
www.denkli.com
Turkish Delight instagram:denkli_

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

*НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,*
*тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;*
*е-маил: зимохридЖsахоо.цом; жиро сметики: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090*

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURES OHE
Бр./Nr. 03-754/2
03.07.2023
Охрид/Ohër

**До**
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**
**(ohridsos@gmail.com)**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ВЕСКА:** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер (наш бр.03-754/1 од 26.06.2023 година)

НУ Завод и Музеј – Охрид, постапувајќи по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Ohrid SOS преку застапник од 25.06.2023 година испратено по електронски пат (наш бр. 03-754/1 од 26.06.2023 година), а во врска со поставување на светлечки реклами и клима уреди на фасада на објект од охридската чаршија, за тоа цитирам:

1. Дали вашата институција има издадено позитивно мислење за поставување на непропорционалните светлечки реклами со интензивни флуоресцентни бои на продажните објекти кај Скаличињата и наспроти охридскиот Чинар?

2. Дали субјектите кои стопанисуваат со овие дуќани воопшто се обратиле до вас како надлежна институција?

3. Дали се почитува и применува Правилникот и каталогот за стандардизација и визуелна унификација на урбаната опрема во стариот дел на градот, а дополнително и Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење?

4. Доколку се утврди неправилност, дали ќе се постапи и ќе се побара од субјектите отстранување на овие светлечки реклами?

5. Дали неколкуте клима уреди на еден од спомнатите објекти (прилог фотографија) се дозволени на овој потег од охридската чаршија и смеат онака да се поставуваат? Објектот нема ни фасада ниту е во склоп на амбиентот.

Врз основа на член 13 ст. 3 и 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата НУ Завод и Музеј – Охрид, преку овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/19) Ви ги доставува следните информации:

Во врска со вашето барање информација од јавен карактер, а притоа имајќи го предвид член 3 став 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) за тоа што е информација од јавен карактер, дека тоа е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности, Ве информираме за следното:

1. Нашата институција нема издадено позитивно мислење за поставување на непропорционалните светлечки реклами со интензивни флуоресцентни бои на продажните објекти кај Скаличињата и наспроти охридскиот Чинар.

2. Субјектите кои стопанисуваат со овие дуќани воопшто не се обратиле до нас како надлежна институција.

3. Правилникот и каталогот за стандардизација и визуелна унификација на урбаната опрема во стариот дел на градот задолжително ќе се применува од 01.01. 2024 година, а овој период се смета за преоден период за прилагодување и усогласување со правилникот и каралогот.

4. Согласно акцискиот план за преземање итни мерки од Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион 2023 - 2030 Стручните служби при НУ Завод и Музеј – Охрид во рок од 30 дена ке извршат увиди и ќе ги евидентираат заштитените културни добра и амбиентални објекти на кои се поставени сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации, и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами на заштитените културни добра и амбиентални објекти. Сметаме дека треба да бидат евидентирани и сончевите колектори и клима уредите и на сите останати објекти во заштитеното градско јадро бидејќи сите објекти заедно во состав на јадрото ја оформуваат комплетната амбиентална слика на целината. При изработката на идејните проекти да се користи Правилникот и Каталогот Бр. 09-16323/1 од 23.11.2022 година, за стандардизација и визуелна унификација на локациите опфатени со анализата на визуелното оптеретување на градот Охрид, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година со заклучок Број 09- 16213/156, објавени во „Службен гласник" бр. 13 на 29.11.2022 година, како подлога за пропишување на видот, типот, категориите и карактеристиките на стандардизирана и визуелно унифицирана урбана текстура, урбан мобилијар и утилитарни објекти, типолошки серии на опрема, материјали за изработка, начин на поставување и дизајн со карактеристики на обликовна унификација на урбана опрема за јавни површини на територијата на градот Охрид. Вра основа на евиденцијата НУ Завод и Музеј – Охрид во рок од 45 дена ќе изработи приоритетна листа за нивно отстранување.

5. Неколкуте клима уреди на еден од спомнатите објекти не се дозволени на овој потег од охридската чаршија и не смеат да се поставуваат. Сопственикот на објектот согласно Законот за градење е должен фасадите на објектот да ги изработи во рок од 10 години од отпочнувањето на изведувањето на градежните работи.

Со почит,

Службено лице за посредување со

информации од јавен карактер

Тања Паскали Бунташеска

диа, конзерватор – советник

------------------------------------

в.д. Директор,

М-р Ирена Шајн

------------------------------------